## ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Предмет на извршената ревизија на успешност се пооделните области поврзани со управување со медицинскиот отпад во Република Македонија за 2006 и 2007 година, која согласно повеќе законски и подзаконски акти ја остваруваат Владата на РМ, Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ, Министерството за здравство на РМ, институциите од областа на животна средина и здравство, јавните претпријатија за комунална хигиена и депониите во РМ, инспекторатите од областа на животна средина и здравство во рамките на министерствата во РМ и други овластени субјекти во системот за нејзино спроведување.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за успешноста во остварување на управувањето со медицинскиот отпад во 2006 и 2007 година, посебно во делот на законска и подзаконска рамка, едукација, постапување со МеО, финансиски елементи, надзори, состојби и др. од повеќе аспекти поврзани со целокупноста на процесот кај управните структури, институциите за надзор и создавачите, транспортерите и одлагачите/уништувачи на МеО. Ревизијата на успешност е извршена како активност планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2007 година.
Ревизијата на успешност е спроведена од страна на ревизорска екипа од ДЗР.

Ревизијата е извршена по следните фази и периоди:

- Прелиминарни истражувања – август/септември 2007 година;
- Извештај од снимањето – септември 2007 година со кој од страна на ГДР е одобрено да се продолжи со ревизијата на успешност;
- Вршење на теренскиот дел на ревизијата – септември 2007/април 2008 година;
- Подготовка на Претходен извештај од спроведена ревизија – мај/јуни 2008 година;

Самата ревизија на успешност е вршена во функција на надлежните институции за подобрување на состојбите од аспект на управувањето со МеО како и од други аспекти од нивното работење, запознавање на јавноста и граѓаните со состојбите во оваа област, со ефектите од законски дадените права и обврски, ефектите од подготвеноста на институциите во РМ за создавање услови и преземање неопходни постапки и активности во функција на подобрување на состојбите кај управувањето и третманот на МеО во РМ.

Со оваа ревизија на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија, која се однесува на еден специфичен дел од управувањето со отпадот во целост во РМ, а која претставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи.

Од аспект на заложбите на Владата на РМ за подобрување на состојбите со управувањето со отпадот во РМ како императив поставен во најновиот документ – Стратегија за управување со отпадот во РМ за 2008 – 2020 година и последователно Планот со акции за управување со отпадот, одредбите од повеќе законски и подзаконски акти, ревизијата на успешност ја постави следната цел:

**Дали во Република Македонија се создадени законски, просторни и финансиски услови за управување со опасен отпад, а со тоа и на МеО како сегмент на оваа група, кој претставува сериозна закана по здравјето на луѓето и тоа од аспект на создавачите, собирачи, транспортери и отстранувачи во РМ како и контролните функции на државните институции?**

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.